NATO OTAN

# НАТО по РИГА

## Надмоќ во Авганистан, Подобрување на капацитетите, Унапредување на соработката

Самитот во Рига којшто се одржа на 28 и 29 ноември 2006 година беше значаен настан за НАТО. Шефовите на државите и владите на 26-те земји-членки на НАТО се состанаа по осми пат од крајот на Студената војна и по прв пат во главниот град на една од новите земји-членки на НАТО по последниот бран на проширување. Како што истакна генералниот секретар на НАТО, Јап Де Хоп Шефер: „ништо не би можело појасно да демонстрира колку Европа се смени на подобро од фактот дека овој Самит се одржува овде во демократска и слободна Летонија“.

Во главниот град на Летонија, сојузничките лидери ја зацврстија својата решеност за спроведување на мисијата на НАТО во Авганистан и упатија повик за пошироко меѓународно ангажирање. Тие презедоа мерки за понатамошно подобрување на воените капацитети на НАТО и ги поддржаа иницијативите за продлабочување и проширување на односите со партнерите. На тој начин Алијансата ја покажа својата способност да се приспособи кон новите безбедносни предизвици на 21-виот век.

Во Рига, лидерите од НАТО ги поддржаа Сеопфатните политички насоки, како водечки документ за политиката на НАТО, во кој се утврдени приоритетите на Алијансата во однос на сите прашања поврзани со нејзините капацитети, планирањето и разузнавањето за следните десет години и понатаму. Според Насоките, кои го поддржуваат Стратегискиот концепт на Алијансата од 1999 година, основни закани за Алијансата во догледна иднина се меѓународниот тероризам, пролиферацијата на оружје за масовно уништување и системи за негова употреба, како и нестабилноста предизвикана од земјите во распад, регионалните кризи, злоупотребата на нови технологии и прекинот во протокот на ресурси од витална важност.

Во такви услови, Насоките ги утврдуваат видовите на операции кои Алијансата мора да биде способна да ги изведува, како и видовите капацитети што и се потребни: силите на НАТО мора да бидат урамнотежени, флексибилни и агилни, способни за спроведување на цел спектар на мисии со различни нивоа на интензитет. Документот исто така ја нагласува веројатноста дека НАТО ќе мора да спроведе поголем број на разновидни операции од помал размер.

Во моментот на одржувањето на самитот во Рига, Алијансата беше вклучена во шест мисии и операции на три континенти: Меѓународните безбедносни сили за помош во Авганистан, Силите на Косово (КФОР), операцијата Активен напор во Средоземното море, Штабот на НАТО во Сараево, Мисијата на НАТО за обука во Ирак и поддршката на Мисијата на Африканската унија во Судан. За време на состанокот, лидерите на Алијансата им оддадоа почит на сите војници кои служеле во тие мисии и на повеќе од 50.000 мажи и жени кои во моментов служат таму. Со минута молчење им беше оддадено признание на сите повредени и загинати.

## > Понатамошна ангажираност во Авганистан и Косово

Самитот во Рига започна со работна вечера на 28 ноември, којашто пред сè беше посветена на клучниот приоритет на НАТО: поддршка на мирот и стабилноста во Авганистан. Сојузничките лидери ја потврдија својата солидарност и долгорочна посветеност кон оваа цел и се согласија да ги отстранат националните ограничувања за тоа како, кога и каде силите можат да бидат употребени, за да се зајакне ефективноста на Меѓународните безбедносни сили за помош предводени од НАТО. Лидерите од НАТО исто така потврдија дека, без оглед на преостанатите ограничувања, при евентуални вонредни состојби секоја земја-членка ќе им помогне на силите на кои ќе им биде потребна помош. Низа земји изјавија дека се подготвени да стават на располагање дополнителни средства, вклучувајќи борбени авиони, хеликоптери, пешадиски единици и тимови за обука кои ќе и помогнат на Авганистанската национална армија.

Свесни за важноста од реструктуирање и развој на долгорочната стабилност во Авганистан, лидерите од НАТО упатија повик за пошироко меѓународно ангажирање и сеопфатен пристап, којшто ќе вклучува политички, воени и економски елементи. „Авганистан не може да е безбеден без развој, а не може да има развој без безбедност“, се наведува во Декларацијата од самитот. Лидерите од НАТО ги поздравија предлозите за Контакт-групата, која ќе ги обедини сите засегнати страни за да ги разгледаат и да се договорат околу важните стратешки прашања. На генералниот секретар му беше доверена задача дополнително да го разработи овој предлог.

Сојузничките лидери исто така разговараа за Силите на Косово предводени од НАТО (КФОР) и ја потврдија подготвеноста на Алијансата да ја одигра својата улога во имплементацијата на безбедносните одредби на

договорот за статусот на Косово. Лидерите од НАТО јасно истакнаа дека, како и во Авганистан, така и на Косово успехот ќе зависи од заедничките заложби. Согласно на тоа, активностите на НАТО за обезбедувањето на безбедно окружување и понатаму ќе бидат координирани со активностите на Обединетите нации, Европската унија и Организацијата за безбедност и соработка во Европа, за изградба на владеењето и поддршка на реформите.

## > Целосно оперативни НАТО-Сили за реакција

Лидерите на Алијансата објавија во Рига дека НАТО-Силите за реакција (NRF) постигнале целосна оперативност. Технолошки напредните сили се состојат од копнени, воздушни, поморски и специјални сили, коишто Алијансата може брзо да ги распореди каде и да е тоа потребно. Тие се способни за мисии низ целиот свет, и тоа цел спектар на операции, како што се евакуација, справување со катастрофи, борба против тероризам или да дејствуваат како сили кои им претходат на поголемите сили што следат. Овие сили можат да бројат до 25.000 трупи и да се распоредат во рок од пет дена и таму да опстојат изведувајќи операции во траење до 30 дена или подолго, доколку повторно бидат снабдени со потребните средства.

Генералниот секретар го опиша постигнувањето на целосната оперативност на NRF-силите како „едно од најголемите достигнувања бидејќи со тоа на Евроатлантската заедница и се даваат досега невидени можности". Лидерите од НАТО во Рига се согласија заеднички да го финансираат распоредувањето на NRF-силите во итни случаи, при што овој договор треба да служи како поттик за државите да учествуваат во идните ротации на силите.

Договорот конкретно се однесува на воздушниот мост, „најскапиот дел“, според генералниот секретар. За време на Самитот, на аеродромот во Рига беше изложен авионот Боинг Ц-17. Четиринаесет НАТО-земји, заедно со Шведска, планираат заедно да купат и користат три или четири авиона од типот Ц-17 во рамките на Стратегискиот капацитет на НАТО за воздушен мост, со што ќе се надополни Стратегиското времено решение за воздушен мост, коешто е веќе оперативно и користи руски и украински авиони *Антонов* Ан-124. Постои и иницијатива за координација на поддршката за идниот авион за воздушен мост А400М.

НАТО-Силите за реакција и другите сили ангажирани од Алијансата во иднина ќе бидат заштитени со НАТО-Системот за активна слоевита одбрана на теренот од балистички проектили. Во Рига беше потпишан и договор вреден 75 милиони евра за проектирање и интеграција на системот меѓу НАТО и Меѓународната корпорација за научни апликации (SAIC), раководител на индустрискиот тим којшто работи на програмата. Со ова противракетната одбрана на НАТО се развива по план и се очекува да биде оперативно способна во 2010 година.

Во Рига, лидерите од НАТО покренаа иницијатива за трансформација на силите за специјални операции, за да се интензивира заедничката обука и развојот на доктрината, да се подобри опремата и унапреди интероперативноста. Сојузниците исто така планираат да работат и во бројни други подрачја кои се од витално значење за современите операции, вклучувајќи споделување на набљудувањето воздух-земја, логистиката и на разузнавачките информации. Овие активности, како и бројни други активности кои ја илустрираат трансформацијата на НАТО на дело, беа прикажани на Изложбата за трансформацијата која се одржа за време на Самитот.

Трансформацијата е скап процес. Во Декларацијата од Самитот во Рига се наведува заложбата на Сојузниците да продолжат да ги обезбедуваат ресурсите, како индивидуално така и колективно, што се потребни за да и се овозможи на НАТО да ги извршува своите задачи. Поради тоа е упатен повик до земјите-членки, кои сè помалку издвојуваат за одбраната, да ги зголемат своите издвојувања на реално ниво.

## > Прием на нови партнери

Во Рига, лидерите од НАТО се договорија да поканат уште три земји да се приклучат кон Партнерството за мир и Евроатлантскиот партнерски совет: Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. Генералниот секретар изјави дека членството во Партнерството за мир ќе помогне за „поцелосно интегрирање на овие земји во евроатлантското семејство“, истовремено истакнувајќи ја важноста од понатамошна целосна соработка со Меѓународниот суд за воени злосторства во поранешна Југославија.

Лидерите од НАТО им дадоа, како што тоа го нарече генералниот секретар, „јасен знак“ на земјите што се дел од Акциониот план за членство во НАТО – Албанија, Хрватска и поранешната југословенска Република Македонија* дека „Алијансата на наредниот Самит на НАТО во 2008 година има намера да ги покани оние земји кои ќе ги задоволат стандардите на НАТО засновани на учинокот и се способни да придонесат кон евроатлантската безбедност и стабилност“.

Лидерите од Алијансата ги насочија активностите во Рига кон целосен развој на политичкиот и практичниот потенцијал на партнерските рамки на НАТО и неговите врски со Контакт-земјите како што се Австралија, Нов Зеланд и Јапонија. Ова ќе вклучува мерки со кои ќе се постигнат повеќе фокусирани консултации, пофлексибилни

форми на состаноци и поголема достапност на постоечките партнерски алатки за поновите партнери, како што се оние што се дел од процесот на Медитеранскиот дијалог и Истанбулската иницијатива за соработка, како и Контакт-земјите.

Во Рига, лидерите од Алијансата ја покренаа Иницијативата на НАТО за соработка во областа на обуката, со цел да се помогне во обуката на армиите од Медитеранскиот дијалог и партнерите од Истанбулската иницијатива за соработка. Ова ќе биде направено постапно, најпрво со зголемување на учеството во постоечките програми на НАТО за обука и образование и партнерските инструменти, како и со основање на факултет за Блискиот Исток при НАТО-колеџот за одбрана во Рим. Во втората фаза, НАТО би можела да поддржи основање на посебна установа за обука на Блискиот Исток.

Конечно, Рига претставуваше исто така и прилика за лидерите од Алијансата да го поддржат започнувањето на интензивни преговори со Грузија за прашања поврзани со нејзините аспирации за членство. Тие исто така уште еднаш ја потврдија важноста на Посебното партнерство меѓу НАТО и Украина и го поздравија напредокот што е остварен во рамките на интензивираниот дијалог. Алијансата ја истакна својата решеност да го продлабочи партнерството меѓу НАТО и Русија и да го искористи целокупниот потенцијал на Советот на НАТО и Русија. Тие исто така побараа поинтензивна и посилна соработка меѓу НАТО и Европската унија. Генералниот секретар ги спомена Авганистан и Косово како „две области каде таа соработка е особено потребна“.

Во Летонија, лидерите од НАТО уште еднаш ја потврдија нужната врска меѓу Северна Америка и Европа и ја потенцираа својата заложба за понатамошна трансформација на Алијансата. Во декларацијата од Самитот се заклучува: „Одлуките што заеднички

ги донесовме, проследени со активностите што ги презедовме, покажуваат дека Алијансата се приспособува кон безбедносните услови на 21-виот век, преку своите активности, трансформираните одбранбени капацитети и продлабочената соработка со земјите во и надвор од евроатлантскиот регион, како и континуираната внатрешна реформа. Овие напори ќе ја зајакнат нашата мисија во Авганистан и способноста на Алијансата да се соочи со идните предизвици. Следната пролет во 2008 година повторно ќе се состанеме за да го оцениме напредокот и да ги одредиме понатамошните насоки за тековната трансформација на НАТО, вклучувајќи го и нашиот процес на проширување“.

* Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име.


**NATO Public Diplomacy Division**
1110 Brussels – Belgium
Website: www.nato.int
Email: natodoc@hq.nato.int

**Division Diplomatie publique de l’OTAN**
1110 Bruxelles – Belgique
Site web : www.otan.nato.int
Courriel : otandoc@hq.nato.int





© NATO/OTAN 2006



NATORIGMAC1206